**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003 – 417/8***
***Скопје 20. 11. 2007 година***

**ДО**
**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за 2006 година (во натамошниот текст Служба), на сметката за редовно работење, кои се прикажани на страните 11 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена, согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Службата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија, при што за Билансот на состојба дадено е негативно мислење, а за Билансот на приходи и расходи дадено е мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - Горан Минчев, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија до август 2006 година и
   - Васе Доневски , директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ од август 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 13/05/2007 до 31/07/2007 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Службата за општи и заеднички работи добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 10-7251/1 од 31/10/2007 година, и тоа на точките 10.1.2, 10.1.3, 10.2.1, 10.3.3, 10.4.1, 10.4.3. и 10.4.7, при што се прифатија дел од забелешката на точката 10.2.1. и целосно забелешката на точката 10.4.3., додека останатите забелешки не се прифатија од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. Во Службата не е донесен акт за дефинирање на сметководствена политика за начинот на вреднување на залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар. Наведеното може да предизвика нереално и неконзистентно искажување на залихите во Билансот на состојбата.

11.1.2. Исплатени се плати на вработените кои не се државни службеници без соодветен акт во кој треба да бидат дефинирани начинот на исплатата, бројот и вредноста на бодовите. Во недостиг на акт и пропишани критериуми може да се предизвика до ненаменско користење на буџетските средства.

11.1.3. Не се спроведени контролни постапки и не е донесен акт за начинот на евидентирање на влезните документи (фактури и ситуации), контролирање и плаќање на истите. Наведеното може да доведе до евидентирање на документи кои не се верифицирани од овластени лица и до неосновани трошоци на Службата.

Наодите од точка 10.1.1. и 10.1.2. се констатирани и во извештајот за 2005 година при што се дадени препораки кои не се имплементирани во работењето на Службата.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

____________________

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за финансиско-материјално, аналитичко и комерцијално работење и Секторот за нормативно-правни, стручно-административни и кадровски работи да покренат иницијатива за изготвување на нормативни акти за:

- начинот на вреднување на залихите и ситниот инвентар;
- циркулација на фактурите и ситуациите почнувајќи од нивното евидентирање во книгата на влезните фактури, контролирање од овластени лица за извршените набавки на стоки и услуги од аспект на квалитет, количество, цени, пресметковни операции и доставување до задолжените лица за спроведување на активности за нивно плаќање и евидентирање во сметководството.
- Да продолжат активностите за целосно усогласување на актот за исплата на платите на вработените кои не се државни службеници со Министерството за финансии.

**11.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите:**

11.2.1. Извршени се исплати од тековни резерви за договорни услуги за оджување на хигиена во работните простории на органите на државната управа, дактилографски услуги, обезбедување и ПП заштита и тековно одржување на органите на управата за месец октомври во износ од 12,500 илјади денари, што е спротивно на одредбите на Закон за буџетите, бидејќи извршените работи и услуги не се од итен карактер и не потекнуваат од вонредни околности, туку се редовни активности кои треба да се предвидуваат во редовните ставки на буџетот на субјектот.
Констатираните исплати се извршени врз основа на одлуки од Владата на Република Македонија. Овој начин на исплата може да доведе до ненаменско користење на буџетските средства.

**Препорака**

Предвидените средства за Тековни резерви да се користат согласно одредбите од Законот за буџетите за намените кои се предвидени со законот, во случај на виша сила и елементарни непогоди.

11.2.2. Фактурите и ситуациите кои се основ за извршени исплати за набавки на стоки и услуги и капитални добра (градежни објекти и опрема), не се контролираат од овластено лице (количество, цена, збир, потписници), како веродостоен доказ за евидентирање во сметководството на субјектот и доказ за функционирање на системот на внатрешните сметководствени контроли, што е спротивно на член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Фактурите од Секјуриком за извршени услуги кои претставуваат една третина од вкупните трошоци на Службата, не содржат квантифицирање за секоја поединечна услуга. Предметните фактури и понатаму се плаќаат авансно и покрај укажувањата од страна на ревизорите во извештаите за 2005 година.
Наведеното може да предизвика ненаменско користење на средствата.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

____________________

**Препорака**

1. Да се изготвуваат веродостојни сметководствените документи и да се воспостави системот на сметководствените контроли согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

2. Да се преиспита одредбата на договорот со Секјурриком во однос на авансното плаќање и квантифицирањето на извршените услуги.

11.2.3. За 2006 година на име субвенции исплатени се 14,000 илјади денари на Македонската информативна агенција МИА, согласно договор за давање на услуги во областа на информирањето склучен помеѓу Службата и МИА од 13.06.2006 година.

Договорот е склучен според Одлуката за преобразба на ЈП МИА во АД МИА во државна сопственост и заклучоците на Владата на РМ.
Според договорот МИА како давател на услуги има обврска да ги испраќа сите вести и прес информации за настани во земјата и странство на јавните радиодифузни сервиси, државни институции, амбасади и други институции, а корисникот на услугите има обврска да плаќа годишен паричен надоместок во износ од 30, 996 илјади денари, со месечна рата од 1/12 месечно. Рокот на скучениот договор е 15 години.
Субвенционираните средства на АД МИА не се предвидени со Програмата за работа која е составен дел на буџетот на Службата за 2006 година. Непочитување на Програмата може да предизвика до ненаменско користење на средствата.

Ревизијата доби информација од одговорните лица во Службата дека во 2007 година е покрената постапка и е раскинат овој договор.

### 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции:

11.3.1. Службата не поседува имотен лист за **земјиштето** со кое располага, поради што не е обезбеден ревизорски доказ за сопственоста, површината и вредноста на земјиштето. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истото предизвикува нереално искажување на оваа билансна позиција.

11.3.2. Во однос на **градежните објекти** ревизијата констатира:

- Деловните објекти кај три министерства со вкупна сметководствена набавна вредност од 744,937 илјади денари, не поседуваат документ од надлежен државен орган за докажување на сопственоста, поради не евидентирани парцели во катастарскиот операт на Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија;
- Седум деловни репрезентативни и резиденцијални објекти во комплексот Горица во Охрид со вкупна сметководствена набавна вредност од 1,421,263 илјади денари, не поседуваат документ од надлежен државен орган за докажување на сопственоста, поради не евидентирани парцели во катастарскиот операт на Државниот завод за геодетски работи на Република Македонија;
- За еден објект од комплексот Водно со сметководствена набавна вредност од 103,801 илјади денари, не е презентиран имотен лист, поради неутврдено право на сопственост;



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

- Евидентирани се 14 градежни објекти по населени места во Република Македонија со вкупна сметководствена набавна вредност од 112,126 илјади денари, кои се руинирани и не ја извршуваат основна функција за што се изградени;
  Владата на Република Македонија има објавено огласи за јавно наддавање, но поради слабиот одзив истите не се отуѓени.
- Не е презентирана документација за сопственост за шест дрвени бараки сместени во различни делови на Скопје каде се сместени одредени органи на државна управа или државни институции со вкупна сметководствена вредност од 121,622 илјада денари. Според писмото на Државниот завод за геодетски работи доставено до Службата, документ за сопственост не може да се издава поради: непостоење на евиденција во Катастарскиот операт за катастарски парцели каде се сместени дрвените бараки кои се наведени од страна на Службата, неутврдено право на сопственост поради не изложен предмет, неспроведен премер во одредени КО (Катастарски општини).

Констатациите се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истите доведуваат до нереално и необјективно искажување на градежните објекти во Билансот на состојба.
Наведените наоди се констатирани во извештајот за 2005 година, при што само за еден објект е обезбеден имотен лист.

**Препорака**

Секторот за нормативно правни и општи работи, Секторот за инвестиционо – технички работи и Секторот за финансиско – материјални и аналитичко – комерцијални работи, да ги интензивираат започнатите активности за регулирање на имотно правниот статус на деловно административните, резиденцијални и репрезентативни објекти на Владата на Република Македонија и другите органи на управата (министерствата) преку поднесување барање до Државниот завод за геодетски работи за поединечно запишување на правата на недвижностите согласно член 81 а, б, в, г од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

11.3.3. Со увид во Извештајот за попис на средствата и изворите на средства констатирано е следното:

- Опремата која е во сопственост на Службата не е целосно евидентирана во Службата, односно дел од средствата се водат во Службата, а останатите кај повеќе други органи на управата;
- Комисијата за попис на ситен инвентар предложила расход на ситен инвентар, поради дотраеност, истиот е прифатен од директорот, донесено е решение за расходување на ситен инвентар во вкупен износ од 1,862 илјади денари, меѓутоа не е спроведено во сметководствената евиденција;
- Не е извршен попис на две моторни возила земени на времено користење од Агенцијата за електронски комуникации по писмен договор (Сеат Ибица со набавна вредност од 229 илјади денари и Митсубиши Пајеро со набавна вредност од 417 илјади денаари).
  Возилото Сеат е евидентирано во вонбилансната евиденција на субјектот, а Пајерото не е евидентирано.
- Лицето задолжено за водење на евиденција на опремата е назначено за заменик претседател на комисијата за попис на опрема, кој исто така има обврска да ја



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

усогласи сметководствената евиденцијата на опремата со состојбата утврдена со попис. Концентрацијата на две значајни функции во една личност ја намалува објективноста и реалноста во искажување на состојбата.

Наведените констатации се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и истите доведуваат до нереално и необјективно искажување на опремата во Билансот на состојба.

**Препораки**

1. Секторот за финансиско - материјално и аналитичко-комерцијални работи во соработка со Секторот за нормативно-правни и општи-кадровски работи, да преземат мерки за извршување на целосен попис на средствата и изворите на средствата и усогласување со сметководствената вредност согласно член 29 став 1 од Правилникот Наведените наоди се констатирани во извештајот за 2005 година, при што само за еден објект е обезбеден имотен лист;
2. Опремата која е во сопственост на Службата да се евидентира на едно место и тоа во сметководствената евиденција на Службата;
3. Да се достават податоци до Државниот завод за геодетски работи за недвижните ствари и Министерството за финансии за движните ствари согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост.

### 11.4. Наменско и законско користење на средства:

11.4.1. Со ревизијата се опфатени 14 постапки со отворени повици со вкупна вредност од 39.409 илјади денари што претставуваат 96,16% од вкупно спроведените набавки со отворени повици во 2006 година (40.985 илјади денари), при што е констатирано следното:

- Во Годишниот План за јавни набавки на Службата за 2006 година, кај одредени набавки не е предвидена динамиката за реализација на набавките (чл.11);
- Во една постапка еден понудувач има понудено до 10 пати пониска цена во однос на другите понудувачи и не е побарано објаснување за тоа, што е спротивно на член 52 ст.1 (500 илјади денари);
- Во три постапки дел од понудувачите имаат понудено рок за изведување на работите од 2,3,4 до 10 пати пократок од останатите понудувачи и нема побарано објаснување за тоа (4.026 илјади денари);
- Понудувачите постапуваат спротивно на член 88 став 1 односно не поднесуваат банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите и
- Во една постапка од вкупно 8 доставени понуди само една понуда се вклопува во планираниот износ и истата е избрана како најповолна (285 илјади денари) што е спротивно на член 47 став 8, според кој се пристапува кон избор на најповолен понудувач доколку се добиени најмалку две прифатливи понуди.

11.4.2. При спроведување на постапките од мала вредност нецелосно се применува Правилникот за начинот и за постапката за вршење набавки од мала вредност. Во 21 постапка (во вкупен износ од 2.474 илјади денари) констатирани се следните неправилности:

- прифатени се понуди без потпис и печат на понудувачот,



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

____________________

- дел од понудите се со датум пред започнувањето на постапката,
- дел од понудите не ги содржат сите утврдени податоци од поканата и за извршениот избор на најповолна понуда не се известени останатите понудувачи.
- Комисијата не врши евалуацијата на понудите а изборот е исклучиво врз критериумот најниска цена и нема утврден Предлог за избор на најповолен понудувач.
- Во постапките за набавка на мобилни телефони се наведува марката на истите.
- Повеќето од постапките се спроведени во еден ден или пак договорот е склучен пред конечноста на Одлуката за избор.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки ја доведува во прашање фер конкуренцијата и фаворизирање на одделни добавувачи.

**Препорака**

Спроведувањето на постапките за јавни набавки да се изврши согласно Законот за јавни набавки и Правилникот за начинот и за постапката за вршење набавки од мала вредност, и тоа:

- Во планот за јавни набавки да се предвиди динамика на реализација на истиот;
- Да се обезбеди објаснување од понудувачите во случај на понуда на невообичаени ниски цени и кратки рокови во однос на другите понудувачи;
- Да се обезбеди банкарска гаранција во сите случаи каде тоа е предвидено со договорот, како средство со кое набавувачот се обезбедува дека понудувачот навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ја изврши набавката;
- Избор на најповолен понудувач да се изврши врз основа на најмалку две прифатливи понуди;
- Склучувањето на договорите со понудувачите да се изврши по спроведената постапка за јавна набавка.

Кај набавките од мала вредност да се даде акцент на:

- Целосна оформеност на понудата, со потпис и печат и податоци од поканата до понудувачите;
- Започнувањето на постапките да се изврши по добиените понуди;
- Да се известат понудувачите за извршениот избор на најповолен понудувач;
- Комисијата за јавни набавки да изврши евалуација на понудите, да утврди предлог за избор и да ги има во предвид сите критериуми за избор на најповолен понудувач предвидени со Правилникот;
- Во понудите за јавни набавки да не се наведува марката на понудените производи и
- Договорите да се склучуваат по завршување на постапката за јавна набавка.

11.4.3. Со ревизијата е констатирано дека на 14 возачи - на носители на јавни функции исплатен им е паушал во висина од 60% од редовната нето плата, во вкупен износ од 978 илјади денари, согласно Заклучок на Владата на Република Македонија од 20.11.1995 година. Ова е спротивно на законската регулатива и Правилникот за систематизација на субјектот и претставува повеќе исплатени средства од законски дозволеното.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

11.4.4. Извршени се исплати за прекувремена работа на раководители на сектори, при што исплатата на средства е одобрена од самите раководители во вкупен износ од 146 илјади денари. Наведеното може да предизвика ненаменско користење на буџетски средства за сопствени потреби. Исплатите се извршени заклучно со јуни 2006 година.

**Препорака**

При исплатата на надоместоци на плата на вработените лица, одговорното лице да ги применува одредбите од Законот за работни односи и критериумите од актот за систематизација.

11.4.5. Ревизијата констатира исплата на надоместоци во вкупен износ од 8.073 илјади денари за 120 ангажирани лица (кумулативно, поголемиот дел наследени од поранешни години) по основ на договор за дело. Работните задачи на ангажираните лица се предвидени во систематизацијата на Службата, но не е поднесено барање до Министерството за финансии за добивање согласност за вработување, туку по оценка на одговорниот работодавач се ангажирани лицата со договор, со месечно обновување на договорите. Периодот на ангажирање е различен, од еден месец до повеќе години, почнувајќи од 1999 година до извештајната година.
Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за работни односи.

Ангажираните лица по договор за дело во третото тримесечие на годината е прекинат, а почнувајќи од ноември 2006 година се применуваат одредбите на Законот за Агенции за привремени вработувања.

11.4.6. Ревизијата констатира дека во текот на 2006 година е извршено пречекорување на дозволените расходи за користење на службени мобилни телефони во вкупен износ од 2,494 илјади денари, утврдени со Одлуката за користење на службени мобилни телефони на Владата на Република Македонија.
И покрај тоа што во текот на цела 2006 година е воспоставена добра софтверска евиденција на пречекорувањата и во текот на месец мај 2006 година директорот на Службата има донесено решение за користење на службени мобилни телефони за работници кои не се опфатени со Одлуката, во сметководствената евиденција на Службата не се евидентирани побарувања од вработените за наведените пречекорувања, односно не е извршена задршка од плата се до септември 2007 година. Поради нецелосно функционирање на системот на сметководствени контроли, незаконски и ненаменски се потрошени 2,494 илјади денари.

Од септември 2007 година за надминувањата на дозволените расходи при користењето на службените мобилни телефони, се почитува и применува Одлуката за користење на службени мобилни телефони и решението за користење на мобилни телефони од директорот на Службата, односно се вршат задршки од плата.

**Препорака**

Да се евидентираат побарувањата од вработените кои имале надминувања на дозволените расходи при користењето на службените мобилни телефони и да се превземат мерки за наплата на истите.



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

11.4.7. Со увид во сметководствената документација која се однесува за патните и дневните расходи и за репрезентација, констатирано е следното:

- пречекорување на дозволените расходи за репрезентација во износ од 70 илјади денари, спротивно на Одлуката за определување на корисниците и износите за безготовинско користење на угостителски услуги во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија;
- за трошоците за репрезентација во износ од 365 илјади денари не се наведени корисниците на репрезентацијата;
- во 16 случаи за службени патувања во странство не се презентирани решенија од овластено лице, согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидба во странство;
- за службени патувања во странство исплатени се средства од други ставки на име репрезентација без точно назначување на корисниците на угостителските услуги.

**Препорака**

Користењето на средствата за репрезентација да се изврши согласно Одлуката на директорот на Службата и другите законски прописи, со цел средствата наменети за наведените потреби наменски да се користат, со точно имплементирање на сите постапки и процедури дефинирани во пропишаните акти.

12. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точката 11.3. финансискиот извештај Биланс на состојба невистинито и необјективно ја претставуваат финансиската состојба на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија под 31.12.2006 година, додека финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатот од финансиските активности за фискалната 2006 година, освен наодите изнесени во точката 11.2 реално и објективно е искажан.

13. Според наше мислење, освен наодите во точка 11.4. остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

14. Информација за преземените односно непреземените мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2006 година:

а) Делумно извршени препораки или се во тек на извршување:

- изготвена е интерен акт за исплата на плати на работници кои не се државни службеници но не е усогласен со Министерството за финансии,
- разгледан е случајот на договорот со СИН АГ, но иницијатива за раскинување на договорот нема;
- испратени се писма до Републичка геодетска управа за добивање имотни листови при што обезбеден е еден а за други објекти обезбедени се пропратни документи (скици, договори за продажба на деловни објекти, решенија за пренос на сопственоста) кои ќе овозможат да се дојде до докажување на сопствената на објектите како основен услов за давање на имотен лист;
- известено е Министерството за надворешни работи за објектите во Цавтат и Белград;



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

- извршен е физички попис на средствата (опремата), но не е целосно извршено усогласување со сметководствената евиденција;
- Не се доставени податоци до Државниот завод за геодетски работи за недвижните ствари и до Министерството за финансии за движните ствари;
- Вредноста на уметничките слики не е преоценета и не е усогласена со пазарните цени;
- Нецелосно е реализирана инвестиционата програма на Владата на Република Македонија.

б) Неизвршени препораки:

- Не е покрената иницијатива за донесување на акт за начинот на водење на залихите и ситниот инвентар.

**Скопје,19/11/2007 година** **Овластен државен ревизор**



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

**Служба за општи и заеднички работи на Владата на РМ**
**Редовна сметка**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 596,389 | 1,023,043 |
| **Вкупно приходи** | | **596,389** | **1,023,043** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 98,067 | 88,497 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 16,941 | 29,827 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 337,956 | 377,350 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 33,342 | 14,625 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **486,306** | **510,299** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 110,083 | 512,744 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **110,083** | **512,744** |
| **Вкупно расходи** | | **596,389** | **1,023,043** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**Служба за општи и заеднички работи на Владата на РМ**
**Редовна сметка**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 2 | 1,358 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 196 | 200 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 128,673 | 50,753 |
| Залихи | 4.1.4. | 16,085 | 15,265 |
| **Вкупно тековни средства** | | **144,956** | **67,576** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.3.1. | 192,052 | 192,052 |
| Материјални средства | 4.3.2. | 3,802,250 | 4,946,182 |
| Материјални средства во подготовка | 4.3.3. | 231,388 | 22,832 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,225,690** | **5,161,066** |
| **Вкупна актива** | | **4,370,646** | **5,228,642** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 121,912 | 43,549 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 196 | 200 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 6,761 | 7,205 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 231,389 | 24,189 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **360,258** | **75,143** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 4,010,388 | 5,153,499 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,010,388** | **5,153,499** |
| **Вкупна пасива** | | **4,370,646** | **5,228,642** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**Служба за општи и заеднички работи на Владата на РМ**
**Средства од буџетот на РМ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **5,138,234** | **15,265** | **5,153,499** |
| **Зголемување по основ на:** | **17,987** | **61,670** | **79,657** |
| Набавки | 17,987 | 61,670 | **79,657** |
| **Намалување по основ на:** | **1,161,920** | **-** | **1,222,768** |
| Корекција поради немање имотен лист | 873,948 | | **873,948** |
| Корекција за непредаден објект во употреба | 131,323 | | **131,323** |
| Амортизација за тековна година | 156,649 | | **156,649** |
| Издадени материјали | | 60,848 | **60,848** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **3,994,301** | **76,935** | **4,010,388** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1005 – 417/13***
***Скопје, 31.12.2007 година***

Врз основа на член 23 став 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ" број 65/1997, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/2006 година) од Васе Доневски, одговорно лице во периодот од август до крајот на 2006 година, за работењето на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, добиен е приговор број 10 – 7982/2 од 25/12/2007 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај за 2006 година на сметката за редовно работење кај Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

## *Р Е Ш Е Н И Е*
## *по поднесен приговор на Конечниот извештај*

1. Приговорот на точката 11.1.2. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија на сметката за редовно работење за 2006 година се прифаќа.
2. Приговорот на точката 11.1.3. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија на сметката за редовно работење за 2006 година не се прифаќа.
3. Приговорот на точката 11.4.1. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија на сметката за редовно работење за 2006 година се прифаќа.
4. Приговорот на точката 14. од Конечниот извештај за извршена ревизија на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија на сметката за редовно работење за 2006 година се прифаќа.
5. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.
6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на сметката за редовно работење на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за 2006 година поднесен е приговор бр. 10 – 7982/2 од 25/12/2007 година.

Образложенијата за прифаќање, односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на **точката 11.1.2.** од Конечниот извештај **се прифаќа**, од причина што одговорното лице на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија дополнително со приговорот ја достави Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците кои немаат статус на државен службеник, документ кој не беше презентиран за време на ревизијата, ниту доставен со забелешките на Претходниот извештај.

2. Приговорот на **точката 11.1.3.** од Конечниот извештај **не се прифаќа** од причина што со приговорот се доставени решенија и договори со кои се дефинирани лицата и правните субјекти надлежни за стручен надзор, така што останува констатацијата дека во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија не се спроведени контролни постапки и не е донесен акт за начинот на евидентирање на влезните документи (фактури и ситуации), контролирање и плаќање на истите. Воспоставување на овие контролни постапки е во правец на подобро менаџирање на одговорното лице со предметната буџетска институција.

3. Приговорот на **точката 11.4.1.** од Конечниот извештај **се прифаќа**, така што се менува констатација според која Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија само во одделни случаи не ги почитувала одредбите од член 88 став 1 од Законот за јавни набавки, односно во одделни случаи понудувачите не поднеле банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите.

4. Приговорот на **точката 14.** од Конечниот извештај **се прифаќа**, така што како целосно извршена препорака од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година претставува и доставување на податоци до Државниот завод за геодетски работи за недвижните ствари и до Министерството за финансии за движните ствари.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Заменик главен државен ревизор**
**Благоја Илиевски**